ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА
«СПИ-5/21»
«24.02.2021»
Гевгелија

ДО
ФОО
СКОПЈЕ

Предмет:Доставување информациии од јавен карактер
Врска: Ваш.бр.12-144/1 од 17.02.2021 година

Постапувајќи по Вашето барање од 17.02.2021 година, Основен суд Гевгелија Ви ги доставува следните информации од јавен карактер.

1. Дали сметате дека бројот на одобрени барања за секундарна правна помош одговара на потребите на граѓаните?
- Не

2. Број на постапки во кои граѓаните на кои им е одобрена бесплатна правна помош се ослободени од судски такси и административни такси?
2-две постапки

3. Кои се потешкотиите со кои Вие се соочувате во примената на ЗБПП?
Наведете неколку правни празнини во имплементацијата на ЗБПП
- Не се соочуваме со потешкотии при имплементацијата на ЗБПП, со ЗБПП се уредени сите правила за обезбедување на бесплатна правна помош.

4. Како е регулирана соработката со Бирото за судски вештачења и дали постои посебен образец за упатување на барање за вештачење кога е одобрена секундарна правна помош
- Вештачењето се обезбедува преку Бирото за судски вештачења согласно Законот за вештачење.

5. Ваши предлози да се олесни пристапот до бесплатна правна помош
- Поголема промоција, за да граѓаните бидат запознаени што нуди бесплатната правна помош за нив.

6. Број на постапки во кои граѓаните на кои им е одобрена бесплатна правна помош им биле покриени трошоци за вештачење согласно Законот за бесплатна правна помош
- Нема со вештачење

7. Како го промовирате Законот за бесплатна правна помош?
- На Веб страната на Основен суд Гевгелија е поставено одговорното лице за Слободен пристап до информации од јавен карактер.

8. Дали судот во постапка кога е назначен адвокат за давање на бесплатна правна помош, бара и посебно полномошно или доволна е потврда/решение за назначување на адвокат за давање на секундарна правна помош

- Доволно е Решение  за назначување на адвокат за давање на секундарна правна помош.

9. Колку судии имаат посетено обука за Законот за бесплатна правна помош
- Во 2020 година од страна на Академијата за судии и јавни обвинители не е организирана обука за Законот за бесплатна правна помош.

10. Дали сметате дека се потребни обуки за судии како би се запознале подетално со правото на бесплатна правна помош и би се обезбедил поефикасен и поефиктивен пристап до правда?
- Да, потребни се обуки за судиите како би се запознале подетално со правото на бесплатна правна помош и би се обезбедил поефикасен и поефиктивен пристап до правда. Обуките би требало да се организираат од страна на Академијата за судии и јавни обвинители, Министерство за правда и други релевантни институции.

11. Кога корисникот на секундарна правна помош ќе успее во постапката и судот ќе ги утврди трошоците спрема спротивната страна за сметка на Буџет на државата кој го известува Министерството за правда (адвокатот, странката која добила БПП или судот).
- Доколку корисникот на секундарна правна помош успее во спорот и судот ја задолжи спротивната страна да ги надомести трошоците на постапката целосно или делумно согласно одредбите од законот кои ја уредуваат судската постапка, во тој случај судот во изреката на судската одлука ќе ја задолжи спротивната странка износот на трошоците на постапката да ги уплати на сметката на Буџетот на Република Северна Македонија.

12. Број на започнати постапки по одобрено барање за бесплатна правна помош ( по пол, возраст, етничка припадност).
- 2-две постапки од кои во еден предмет лицето е машко, Турчин, роден 1982 година и во друг предмет лицето е женско, Србинка, родена 1957 година

13. Број на завршени постапки по одобрено барање за бесплатна правна помош на жртви на семејно насилство (по пол, возраст, етничка припадност)
-Нема

14. Број на започнати постапки по одобрено барање за бесплатна правна помош на жртви на семејно насилство ( по пол, возраст, етничка припадност)
- Нема

15. Број на усвоени предлози, тужбени барања, жалби во постапки каде има одобрено барање за бесплатна секундарна правна помош.
- 1-едно усвоено, 1-едно одбиено, по едниот има жалба каде е одобрено барањето и во постапка е по жалба.

16. Број на адвокати кои ги застапувале странките во постапки по основ на одобрено барање за бесплатна правна помош
- двајца

ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА
Одговорно лице за посредување
со информации од Јавен карактер
Судија,
Тодорка Цилковска Димова